Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба / Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-700/1
20 год. viti
Скопје - Shkup

05 JUN 2026

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **проф.д-р Михајло Марковиќ** бр.26-689/2 од 03.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 03.06.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Спорт и спортски активности за II (втора) година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет **Спорт и спортски активности** за II (втора) година гимназиско образование со шифра Р од Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје од авторот: Антонио Трпковски.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 04.11.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1205/1 од 04.11.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-200/7 од 17.02.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-17/1 од 18.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-200/10 од 18.02.2026 година и допис бр.32-18/1 од 18.02.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-200/11 од 18.02.2026 година шифрираните ракописи со шифра К и шифра Р, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-200/13 од 18.02.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-307/5 од 03.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-200/15 од 03.03.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра К и шифра Р, по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование**. Во мислењето е наведено дека ракописите за учебник со шифра К и шифра Р се усогласени со Наставната програма поради што се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-450/1 од 16.04.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование.**

На ден 22.04.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручно мислење бр.26-450/5 во кое е наведено дека ракописот за учебник со шифра К ги следи основните насоки на наставната програма и обработува релевантни теми, но неговата функционалност во наставниот процес е ограничена поради забелешките дадени во мислењето, додека за ракописот за учебник со шифра Р е наведено дека истиот ги следи насоките на наставната програма, истиот има јасна структура, соодветна терминологија и визуелна поддршка што придонесува полесно разбирање и усвојување на содржините. Поради наведеното Рецензентската комисија дава позитивно мислење за ракописот за учебник со шифра Р и го предлага за користење како наставно средство. Но рецесенската комисија дава и свои препораки заверени со бр.26-496/8 од 22.04.2026 година и препорачува нивно имплемиентирање во ракописот со цел негов повисок ккварлитет.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 27.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-581/1од 06.05.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-581/2 од 11.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник со шифра Р по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование**, кој има позитивно мислење од БРО и позитивно мислење од Рецезентската комисија да се одобри и истиот да биде пуштен во понатамошна процедура за издавање и употреба но по имплементација на посочените препораки посочени од страна на Рецензентската комисија.

Педагошката служба со допис бр.26-200/19 од 19.05.2026 година се обрати до Комисисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1205/1 од 04.11.2025 година со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијатаза шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-77/2 од 19.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-200/20 од 19.05.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-16/1 од 18.02.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-16/1 од 18.02.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-200/21 од 19.05.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесен е предлог за ракопис за учебник да биде одобрен ракописот за учебник со шифра Р, но по внесување на забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-16/1 од18.02.2026 година на интернет страницата за дел од шифрите може да се увиди дека биле доставени три понуди за ракописи за учебници, но по шифрирањето и проверката на пристигнатата документација и приложените ракописи констатирано е дека ракописот за учебник **со шифра Х** од Друштвото за графички услуги и трговија АРС Ламина ДОО Скопје со авторот Кристијан Кајчевски се отфрла од причина според член 13 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование и точка 1.2 од објавениот Конкурс за учебници за втора година гимназиско образование бр.26-1205/1 од 04.11.2025 година е нарушена анонимноста. Имено во доставените ракописи за учебници во печатена и електронска форма било наведено името и презимето на авторот Кристијан Кајчевски како и логото на издавачот Друштво за графички услуги и трговија АРС Ламина ДОО Скопје.

За ракописот за учебник **со шифра К** се јавува Акционерското друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје со авторот Ивица Митрушов.

За ракописот за учебник **со шифра Р** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје со авторот:Антонио Трпковски.

Педагошка служба со допис број 26-647/2 од 21.05.2026 година до издавачот ги достави забелешките од рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачката куќа со допис број 26-647/3 од 27.05.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис за учебник по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование**.

Педагошката служба со допис број 26-647/7 од 28.05.2026 година, по електронски пат го достави коригираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Рецензентската комисија со допис број 26-689/1 од 02.06.2026 година потврди дека издавачот на ракописот целосно постапил по забелешките поради што се дава позитивно мислење за ракописот за учебник и се препорачува за одобрување и користење како наставно средство по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование**.

На седницата одржана на 03.06.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски број бр.26-689/2 од 06.06.2026 година на Националната комисија за учебниции предложи ракописот за учебник по наставниот предмет **Спорт и спортски активности за II (втора) гимназиско образование,со шифра Р** да биде одобрен и да ја продолжи процедурата за издавање и употреба на истиот.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 03.06.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
Date: 2026.06.04 19:02:03 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи